ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: Фонд за здравствено осигурување на Македонија

До: До ЈЗУ ___________
За Директорот, ДСГ координатор

Дата: 29.03.2011
11-5580/1

**Предмет** : Известување за промени при внесувањето на податоците во ДСГ груперот и начинот на кодирање на трансферираните пациенти

Почитувани,

Фондот за здравствено осигурување на Македонија почнувајќи од 01.04.2011 година 2011 воведува две промени во внесувањето на податоците во Груперот и промена во начинот на кодирање на трансферираните пациенти.

## 1. Промени при внесувањето на податоците во ДСГ груперот

Со првата промена, покрај останатите податоци кои и до сега се внесуваа, се воведува и внесување број на факсимил на лекарот специјалист за секој ДРГ кодиран случај. Во груперот ќе се внесува факсимилот на докторот кој е задолжен а лекувањето на пациентот (собен лекар, главен оператор и сл.). За таа цел секој лекар специјалист во вашата болница мора да поседува факсимил, единствен ИД број. Факсимилот на секој лекар е број кој што ќе го прати соодветниот лекар од почеток на евидентирањето во ФЗОМ па се до крајот на својот работен век. Овој ИД- идентификатор го доделува ФЗОМ со секоја пријава на нов, специјалист – лекар кој што започнува да работи во Вашата установа, а предходно го немал добиено истиот. Доколку докторот веќе има факсимил Вие сте должни само да го пријавите докторот дека работи во Вашата установа Уште еднаш Ве потсетуваме на обврските што ги имаат специјалистите односно лекарите како да се однесуваат со својот факсимил :

1. Лекарот **не може** да го употребува факсимилот во друга здравствена установа, каде што не е вработен или во установа која нема склучено договор со Фондот.
2. Издадениот факсимил, здравствената установа **е должна да го врати** во Фондот кога лекарот исполнува услови за остварување на право на

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

пензија и во други случаи кога лекарот не може да практикува медицина (смрт).

3. Во случаите предвидени со закон за оправдано отсуство од работа на лекарот за долготрајно боледување, породилно отсуство или престанок на работниот однос во здравствената установа, Фондот факсимилот го става во мирување по Ваша пријава.

Врз основа на компјутерската евиденција на Фондот, се констатира дека некои здравствени установи **не доставиле** барање до Фондот за издавање на факсимил на сите лекари кои работат кај нив. Исто така констатирано е дека здравствените установи **не доставуваат** барање до Фондот за затворање на факсимилот на лекарите кои се пензионирани, неоправдани долготрајни одсуство на лекарот или преминале да работат во друга приватна здравствена установа.

Поради тоа Ви укажуваме дека непочитувањето на одредбите од договорот во делот на обврската, Вашата здравствена установа да достави барање до ФЗОМ за издавање на факсимил за сите лекари, кои досега немале добиено факсимил и во случај кога треба да се затвори или стави во мирување факсимилот на лекарот, повлекува изрекување на соодветна договорна казна.

Може да се случи да при евидентирањето на ДРГ услугата, при внесувањето на податоците од Груперот не може да се внеси број на факсимил, бидејќи лекарот нема добиено факсимил, а се во интерес на работата, Ве известуваме дека тој ДРГ случај можете да го внесете со број на факсимил 799999. Овој факсимил може да се користи само до 30.04.2011. Тоа е периодот до кој сите здравствени установи, кои немаат обезбедено факсимил за секој специјалист кој работи кај нив , да достават барање до ФЗОМ. После овој период НЕМА да се признава ДРГ случајот – епизодата на лекување за пациенот кај кој ќе има факсимил со бројот 799999, односно факсимилот со број 799999 ќе биде деактивиран во ДСГ груперот.

Втората новина во ДСГ груперот е начинот на внесување на одделението во кое лежи пациентот. Со новината наместо да го пишувате името на одделението по слободен избор сега ќе можете да го бирате, од список на одделенија, кои Фондот ги утврди врз основа на податоците добиени од ЈЗУ. Работната група во ФЗОМ задолжена за одржувањето и работењето со ДРГ Груперот предефинира одделенија во здравствените установи. Ве молиме доколку имате одделенија, кои не се предефинирани, а досега сте ги користеле ва Вашата здравствена установа, како предлог да ги пријавите на е-маил *blagojdo@fzo.org.mk* или *igorn@fzo@fzo.org.mk* и во писмена форма до ФЗОМ со назнака за работна група на ДРГ и истото ќе биде внесено . Ве известуваме дека ФЗОМ нема да

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

прифати одделенија од типот машки дел, женски дел, павилјон 1, 2 и сл. Одделенијата се воведуваат за да послужат да се видат активностите по одделенија во рамките на истата и сличните здравствени установи, но исто така сметаме дека ќе послужат и на Вашата здравствена установа .

**2.Промени начинот на кодирање на трансферираните пациенти**

Фондот за здравствено осигурување на Македонија по анализата направена на големиот број барања за промена во начинот на кодирање на трансферираните пациенти, добиени од Јавните здравствени установи Ве известува за начинот на кодирање на сите пациенти според ДСГ методата (клучувајќи ги и трансферираните пациенти):

:

- кога за хоспитализирано осигурано лице се обезбеди целосна здравствена услуга со болнички упат како завршена епизода на лекување, здравствената установа доставува фактура по ДСГ метода до Фондот (односно го кодира пациентот);
- кога за хоспитализирано осигурано лице (лице сместено во Болница А) се обезбедуваат дополнителни услуги од другите здравствени установи (во Болница Б, но осигуреното лице не е хоспитализирано во болницата Б) согласно издадените интерболнички или интерклинички упати, овие дополнителни услуги се составен дел на целосната здравствена услуга искажана по ДСГ метода. Здравствената установа во која е завршено лекувањето (болница А) доставува фактура по ДСГ метода до Фондот. Истата е должна да изврши плаќање на друга здравствена установа (болница Б) за дополнителните услуги според утврдени референтни цени на Фондот како максимални цени на овие услуги.
- кога хоспитализирано осигурано лице се префрлува од една во друга клиника со интерклинички упат извршените здравствени услуги клиниките ги искажуваат во посебни фактури по ДСГ до Фондот (односно секоја клиника кодира посебно).
- кога хоспитализирано осигурано лице се префрлува на исто или повисоко ниво со интерболнички упат поради незавршено лекување (односно немање кадар и опрема за изведување на потребните интервенции), секоја здравствена установа доставува посебна фактура по ДСГ метода до Фондот (односно кодира посебно, а првата установа е обврзана во тип на испис да внесе **"испис/трансфер во друга болница"**). Здравствената установа во која не е завршено лекувањето доставува фактура со намален износ, кој се утврдува во Упатството за начинот на фактурирање, а се пресметува автоматски во ДСГ групeрот.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Јавните здравствени установи се должни во сите горе наведени случаи да кодираат според основните и специјалните правила (стандарди) за кодирање по ДСГ методологија, истакнати на интернет страната на ФЗОМ, и за секој пациент во груперот да го внесуваат точниот тип на испис (трансферирани пациенти). Секое кодирање спротивно на стандардите и погрешно внесување податоци во груперот повлекува изрекување на соодветна договорна казна.

Начинот на кодирање на сите пациенти според ДСГ методата (клучувајќи ги и трансферираните пациенти) е содржан во член 11 од договорот на Вашата установа со ФЗОМ.

Изготвиле: Јасмина Смилевска
Благој Дончев
Игор Неловски

Директор
на Сектор финансии
Татјана Лукановска

ВД Директор
на Сектор контрола
д-р Снежана Бузалкова-Китанчева

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ